МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 16-з став (5) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИ ИЗВЕШТАИ И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СКЛАДИРАНИТЕ БРАШНА

## Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на обрасците за поднесување на месечни извештаи и годишен извештај за складираните брашна („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/14) во членот 2 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Месечните извештаи од став (1) на овој член содржат податоци за: назив на извештајот, назив на операторот со брашно, локација на операторот-регион/подрачје (адреса, населено место, општина), локација на силосот односно магацинот, големина на капацитетот за складирање и производство (во тони брашно), вид на брашно (пченично, пченкарно или `ржано), тип на брашно, број и вид на пакувања, количина на преодни залихи пренесени од претходен месец, произведени и/или увезени количини брашно, преземени и испорачани количини на брашно од сопствено производство и/или од увоз, како и залихи на брашно од сопствено производство и/или од увоз на крај на месецот, дата, место за печат и потпис на одговорното лице во правното лице.“

## Член 2

Во членот 3 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Годишниот извештај од став (1) на овој член содржи податоци за: назив на извештајот, назив на операторот со брашно, локација на операторот-регион/подрачје (адреса, населено место, општина), локација на силосот односно магацинот, големина на капацитетот за складирање и производство (во тони брашно), вид на брашно (пченично, пченкарно или `ржано), тип на брашно, број и вид на пакувања, произведени и/или увезени количини брашно, преземени и

испорачани количини на брашно од сопствено производство и/или од увоз од претходната година, како и залихи на брашно од сопствено производство и/или од увоз на крај на годината, дата, место за печат и потпис на одговорното лице во правното лице.“

**Член 3**

Прилозите 1 и 2 се заменуваат со нови Прилози 1 и 2 кои се составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.02-3215/7 Министер за земјоделство,

30 јуни 2014 година шумарство и водостопанство,

Скопје м-р Михаил Цветков, с.р.

Прилог 1

Извештај за складирани брашна за месец __________ 20 ___ година

Назив на операторот со брашно____________________________________________________________

Локација на операторот регион/подрачје (адреса, населено место, општина)______________________________

Локација на силосот односно магацинот ___________________ и

Големина на капацитетот за складирање и производство (во тони брашно) ________________________

| Вид на брашно (пченично, пченкарно или `ржано) | Тип на брашно | Број на пакува-ња | Вид на пакува-ња | Количина на преодни залихи пренесени од претходен месец | Прозведени и/или увезени количини брашно | | | Преземени и испорачани количини на брашно од сопствено производство и/или од увоз | | | Залихи на брашно од сопстве производство и/или од увоз на кр месецот | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Произведе-ни (тони) | Увезени (тони) | Вкупно (тони) | Од сопствено производ-ство (тони) | Од увоз (тони) | Вкупно (тони) | Од сопствено производство (тони) | Од увоз (тони) | Вк (т |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |

М.П.*

***За трговски друштва не е задолжителна употреба**
**на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва**

Дата

_________

Потпис на одговорното
лице во правното лице

____________________

Прилог 2

Извештај за складирани брашна за 20 ___ година

Назив на операторот со брашно____________________________________________________________

Локација на операторот-регион/подрачје (адреса, населено место, општина)______________________________

Локација на силосот односно магацинот ___________________ и

Големина на капацитетот за складирање и производство (во тони брашно) ________________________

| Вид на брашно (пченично, пченкарно или `ржано) | Тип на брашно | Број на пакува-ња | Вид на пакува-ња | Вкупна количина на преодни залихи пренесен и од претход-ната година | Прозведени и/или увезени количини брашно | | | Преземени и испорачани количини на брашно од сопствено производство и/или од увоз | | | Залихи на брашно од сопствен производство и/или од увоз на крај на годината | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Произве-дени (тони) | Увезе-ни (тони) | Вкупн о (тони) | Од сопствено производ-ство (тони) | Од увоз (тони) | Вкупно (тони) | Од сопствено производ-ство (тони) | Од увоз (тони) | Вкупн (тони |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |

М.П.*

***За трговски друштва не е задолжителна употреба**
**на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва**

Потпис на одговорното
лице во правното лице

Дата

_________

____________________